Уп. Бр.08-107/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Фолксваген Акциегезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 07.09.2022 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Фолксваген Акциенгезелшафт, со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија стекнува самостојна контрола над ЕВАГ Емдер Феркерс унд Аутомотив ГмбХ, со регистрирано седиште на Швекендиекплатц 1, 26721 Емден, Германија, а со тоа и над неговото зависно друштво ЕЛАГ Емдер Лагерхаус унд Аутомотив ГмбХ, со регистрирано седиште на Швекендиекплатц 1, 26721 Емден, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија)

на ден 03.08.2022 година, а дополнето на 09.08.2022 година е доставено известување за концентрација од Фолксваген Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, со која Фолксваген Акциенгезелшафт преку неговото зависно друштво во целосна сопственост Фолксваген Груп Сервисес ГмбХ (Volkswagen Group Services GmbH) со регистрирано седиште на Мајор-Хирст-Штрасеж 11, 38442 Волфсбург, Германија ќе се стекне со 100% удел во и со самостојна контрола над ЕВАГ Емдер Феркерс унд Аутомотив ГмбХ, со регистрирано седиште на Швекендиекплатц 1, 26721 Емден, Германија, а со тоа и над неговото зависно друштво ЕЛАГ Емдер Лагерхаус унд Аутомотив ГмбХ, со регистрирано седиште на Швекендиекплатц 1, 26721 Емден, Германија, како и со 1/3 учество во Аутопорт Емден ГмбХ со регистрирано седиште на Флигелдајх 30, 26721 Емден, Германија. Фолксваген Акциенгезелшафт преку неговото зависно друштво во целосна сопственост Фолксваген Концернлогистик ГмбХ & Ко. ОХГ (Volkswagen Konzernlogistik GmbH & Co. OHG) веќе поседува 1/3 од уделот во Аутопорт Емден ГмбХ. Без оглед што како резултат на Предложената трансакција Фолксваген Акциенгезелшафт ќе го зголеми својот удел во Аутопорт Емден ГмбХ од 1/3 на 2/3, по Трансакцијата Аутопорт Емден ГмбХ ќе остане под заедничка контрола на Фолксваген Акциенгезелшафт и на содружникот кој ќе ја поседува преостанатата 1/3 од уделот, Анкер-Шифаргезелшафт мбХ (Anker-Schiffahrtsgesellschaft mbH), поради одредени права на вето на Анкер-Шифаргезелшафт мбХ во поглед на назначувањето на високиот менаџмент, одобрувањето на годишниот буџет, определување на деловната стратегија).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Фолксваген Акциенгезелшафт** е владејачко друштво на Фолксваген Групацијата. Фолксваген групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (coaches), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген Групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Фолксваген Групацијата исто така нуди мобилни услуги како што се возила на повик (анг. ride hailing) и споделување на возила (анг. car sharing).

Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG, во понатамошниот текст: ФСАГ) и неговите зависни друштва. ФСАГ нуди индивидуални мобилни услуги како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на ФСАГ, Фолксваген Банк ГмбХ (Volkswagen Bank GmbH), Фолксваген Групацијата дава директни банкарски услуги. Директниот стекнувач, Фолксваген Груп Срвисис ГмбХ, е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциенгезелшафт и се занимава со обезбедување на услуги, вклучително и со извршување на одредени договорни работи, конкретно од техничка и комерцијална природа, пред сè за друштва од Фолксваген Групацијата.

Фолксваген Групацијата ги има следните регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

1. Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;

2. Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

3. Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден, со регистрирано седиште на Улица 34 бр.7, Илинден, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила; и

4. Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.4, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Деловните активности на овие друштво во Северна Македонија претежно се трговијата со моторни возила и финансискиот лизинг.

**ЕВАГ** е во моментот зависно друштво во целосна сопственост на Шенкер, кое пак е зависно друштво во целосна сопственост на Дојче Бан АГ (Deutsche Bahn AG). ЕВАГ е германски давател на шпедитерски и пристанишни услуги за национален и меѓународен товарен превоз, превоз на товар од едно пристаниште до друго и складирање, кој ги врши своите активности на пристаништето во Емден, Германија. Конкретно, активностите на ЕВАГ се фокусирани на ракување со товар од областа на автомобилите, ракување со товар на

големо или од општа природа и други шпедитерски услуги, како и придружни активности.

Како зависно друштво во целосна сопственост на ЕВАГ, **ЕЛАГ** главно интерно му обезбедува на ЕВАГ персонал и услуги на автомобилско инженерство.

**Аутопорт** е активно во областа на ракувањето/превозот на автомобили, како и придружни активности. Дополнително, обезбедува услуги на складирање на возила од секаков вид.

Целните друштва немаат какви било активности, регистрирано присуство или вработени во Северна Македонија и не остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**